ПРЕДЛОГ ЗАБЕЛЕШКИ НА
НАЦРТ ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
Синдикат на УПОЗ
Јануари 2025

КОНКРЕТНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Во глава I, Општи одредби во членот 3 се додава нов став, односно останува да важи став 2 од членот 4 од постоечкиот Закон за административни службеници:
()По исклучок од ставот (1) на овој член определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, регулаторните тела и Народната банка на Република Македонија, во целост или делумно, можат да бидат уредени со закон и со колективен договор, на начин различен од овој закон.

Во членот 4 се додаваат вработените на МАНУ.

**Во Глава II**, Агенција за администрација, во членот 13 став 1, се поставува прашање дали може Министерот да именува Директор на Агенцијата за администрација или тоа треба да го направи Владата.

**Во Глава II** во надлежностите на Агенцијата не е уредена постапката по жалба на административните службеници и потребно е да се уреди на кој начин би се водела жалбената постапка по решенијата од првостепените органи. Ова од причина што со одземањето на ингеренциите по постапките на жалба на Агенцијата за администрација и се одзема надлежноста за одлучување во постапки по жалби за административните службеници. Имено, на ваков начин се згаснува право на административните службеници од државата да имаат специјализиран и самостоен орган кој одлучува за нивните права .

Во Глава II член 15 да се дополни со условот: **„ ги прекрши прописите за спречување на корупцијата и судирот на интереси“.**

**Во глава III Услови и класификација на работните места на државните службеници,** во членот 22 став (2), точка а) во делот на стручни квалификации и за ниво В1 се бара стручна подготовка од најмалку 180 кредити. **На овој начин се остава простор за пополнување на нивото В1 со звање Советник со пониско ниво на образование од досегашното.** Имајќи во предвид дека администрација треба да биде вистински сервис на граѓаните, далеку

пооправдано е да постојат звања кои ќе се потполнуваат со искусни и кадри кои имаат стекнато минато искуство и кои би можеле претходното искуство да го пренесат во работењето во администрацијата, а не да се намалуваат критериумите, односно видот на образование за истото ниво.

**Во Глава VI Кабинети:** Потребно е да се преиспитаат одредбите за назначување кабинетски службеници и надворешни советници. Да се преиспита потребата, особено од аспект на бројот на службеници и советници во кабинетите што надминува број на вработени во одделение што едвај може да се состави, а во кое се вршат стручни работи од значење за функционирање на органот. Да се поставаат прашањата: Зошто се потребни толкав број на кабинетски службеници и надворешни советници? Што работат функционерите и другите службеници? Кој е делокругот на Кабинетот, што се кабинетски обврски? Каков е односот меѓу Кабинетот и државните службеници? Какви овластувања може да имаат кабинетските службеници и надворешните советници? Дали некој ги анализирал стручноста и компетентноста на лицата кои се и биле назначени за посебни советници? Дали некој ги испитал привилегиите и предностите што ги користат/искористиле? Во колку управни одбори и комисии како претставници на органот се? Колку анализи напишале и стручни совети дале посебни советници или колку анализи тие побарале и советувања добиле од државни советници (државните службеници се советници на посебните советници и создаваат дополнителен товар). Како може додатокот/плата да бидат на дискреција на функционерот? Дали за овие решенија се пресметани импликациите?

Во Глава VII: **пред членот 32 се додава нов член кој гласи:**
Постапка пред објавување на јавен оглас
(1) Пред објавување на јавен оглас, претпоставениот, односно функционерот во институција во која нема претпоставен проверува дали во институцијата има административни службеници кои ги исполнуваат условите за добивање на слободното работно место.
(2) Доколку во институцијата постојат административни службеници кои ги исполнуваат условите за распоредување на работното место, институцијата е должна да објави интерен оглас, односно постапка за унапредување на административен службеник.
(3) Доколку во институцијата не постојат административни службеници кои ги исполнуваат условите институцијата може да започне постапка за вработување на начин утврден со овој закон.

Во членот 36 став 7: **Да се дополни дека ранг листата и записниците остануваат објавени континуирано додека тече рокот за жалба.**

Во членот 36 да се додаде нов став 8 кој ќе гласи: **8) Пред потпишување на записникот кандидатот може да стави забелешка/приговор на текот и начинот на спроведување на интервјуто и содржината на записникот".**

**Членот 39:** Да се дополни дека на кандидатот му се обезбедува пристап и до прописите за заштитено пријавување и заштита на укажувачи и до Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Глава XIII Оценување**

Во постапката за оценување, не постои прецизирање на улогата на оценувачите и крајната оцена се сведува на оцена од раководниот државен службеник кој управува со највисоката организациона единица во институцијата. Преку овој модел на оценување се остава простор за субјективно, нефер и неточно вреднување на работата на административните службеници. На овој начин се остава можност за добивање на оцени не задоволува кои преставуваат основ за престанок на работниот однос на административниот службеник.

Иако се предвидени мерки за слаб учинок изостанува мотивот за вработените кои ќе бидат оценети со оценка “особено истакнува“ и “истакнува“.
Предлагаме да се врати можноста за добивање на “степен на кариера“, истиот да биде во висина од 10% и да се добива после 2 последователни оценки “особено истакнува“ и “истакнува“.
На ваков начин вработените, особено во категоријата В ќе бидат помотивирани да ги извршуваат работните задачи, а вработените во категоријата Б, ќе се ослободат од извршување на работни задачи кои не треба да ги извршуваат, а сега ги извршуваат, и ќе се фокусираат на раководење и менаџирање, што всушност е и нивна должност.

Во оваа глава потребно е да се предвидат и одредби за оценување на раководниот кадар и оценувањето на раководителите да го вршат вработените во нивните сектори/одделенија.

**Глава XVII Дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници**

Членот 75 став 4 не е јасен. Треба да се прецизира - како ќе се утврди одговорност, во која постапка и што значи упатувањето на член 20 - дали ќе се чека завршување на мандатот на функционерот кој го назначил.

Член 76 став 3 точка 11: **Да се дополни во смисла примањето на подарокот да е спротивно на член 31 од ЗВЈС.**

Член 76 став 3 точка 20: **Да се преформулира и да гласи „- непочитување на правилата за изземање односно прописите за спречување на судир на интереси“**

Член 76 став 3 точка 22: **Оваа точка да се избрише или да се прецизира дека станува збор за одредби кои не се однесуваат на полесни дисциплински повреди, бидејќи има такви во Етичкиот кодекс.**

Глава XIX Плати на државните службеници:

Во член 88 став (3) коефициентот на сложеност според нивоа воопшто не е усогласен со реалниот пораст на трошоци за живот и уште повеќе ќе ја продлабочи разликата на плата на административните службеници со вработените во другите сектори во државата. Преку вака изразените коефициенти, вработувањето во јавниот сектор би било дестимулирачко и не посакувано од една страна и би довело до не ефективна и не ефиксана администрација која нема да биде во функција на граѓаните.

Синдикатот на УПОЗ ги предлага следниве коефициенти на сложеност:

Б1 – Државен советник – 1,8

Б2 – Раководител на сектор – 1,75

Б3 – Помошник раководител на сектор – 1,6

Б4 – Раководител на одделение – 1,5

В1 – Советник – 1,4

В2 – Виш Соработник – 1,3

В3 – Соработник – 1,2

В4 – Помлад Соработник – 1

Г1 – самостоен референт – 0,9

Г2 – Виш референт – 0,85

Г3 – Референт – 0,75

Г4 – Помлад референт – 0,7

**Член 89**
Во ставот 1 се додаваат нови алинеи:
- Додаток на плата за овластување,
- Додаток на плата за работа во комисии и работни тела.

**Член 90**
Додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделно одмор, работа за време на празници утврдени со закон, работа подолга од полното работно време и извршување на задачите и надлежностите на вработен кој е отсутен подолг период се утврдуваат со гранскиот и поединечните колективни договори.

Алтернатива:
(1)Вработениот има право на додаток на плата за:

- ноќна работа;
- работа во смени
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон;
- работа подолга од полното работно време, и
- извршување на задачите и надлежностите на вработен кој е отсутен подолг период.

(2)Основната плата на вработениот по час се зголемува за:
- ноќна работа по 35%;
- работа во смени 5%.
- работа во ден од неделен одмор 50%
- работа подолга од полното работно време по 35%;
- извршување на задачите и надлежностите на вработен кој е отсутен подолг период по 30%.

(3)За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(4) Додатоците меѓу себе не се исклучуваат.

(5)По барање на вработениот, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови.

НОВ ЧЛЕН

**Дополнителен додаток на плата за образование**

(1) Доколку вработениот поседува ниво на квалификации VIII, 480 кредити (ектс) или 7/3 степен, односно Докторат и ова ниво на квалификации соодејствува со видот на работното место на кое што е распределен согласно класификацијата по фраскати се определува додаток во висина од 30% на платата на административниот службеник.

(2) Доколку вработениот поседува ниво на квалификации VII, 300 кредити (ектс), или 7/2 степен, односно Магистратура и ова ниво на квалификации соодејствува со видот на работното место на кое што е распределен согласно класификацијата по фраскати се определува додаток во висина од 20% на платата на административниот службеник.

НОВ ЧЛЕН

**Додаток на плата за овластувања**

На административниот службеник кој извршува работни задачи согласно овластување добиено од функционерот, му се исплаќа додаток на плата во висина од една просечна нето плата исплатена во државата за претходната година.

НОВ ЧЛЕН

**Додаток на плата за работа во комисии и работни тела**

(1) Вработениот е должен да извршува работни задачи во комисии кои со решение ги формира функционерот.

(2) Вработениот кој со решение на функционерот извршува работни задачи во комисии има право на паричен надоместок во висина од 10% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за минатиот месец објавена од Државниот завод за статистика.
(3) Додатокот на плата од ставот (2) на овој член се исплаќа со решение на фунцкионерот.

**НОВ ЧЛЕН**

Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член се утврдува со Гранскиот и колективен договор и колективните договори на ниво на работодавач.